This project is funded by the European Union

# Упатство за оценување и избор на понудувач за обезбедување на услуги – изнајмување аудио опрема, симултан, знаковен и пишан превод и лектура

За потребите на проектот „Рамноправноста низ призма на статистиката", спроведен е повик за обезбедување на услуги - изнајмување аудио опрема, симултан, знаковен и пишан превод и лектура.

Постапката за избор на понудувачи се одвива според Договорот за грант, во согласност со принципите за набавка на услуги.

Утврдено е дека најповолните понудувачи потребно е да се изберат според следниве критериуми:

- **Квалитет .................................. 80 бодови**
- **Цена ........................................ 20 бодови**

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од добавувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оргиналот".
Понудата се доставува во затворен коверт до архивата на Здружението Асоцијација за демократска иницијатива – АДИ (бул. Браќа Ѓиноски бр. 61, 1230 Гостивар). На надворешната страна на ковертот наведете: ,,За тендер Реф. Бр. 0507-193 " позицијата за која аплицирате, експерт, и текстот "Да не се отвора пред сесијата за евалуација". Докумените во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице. Во случај на доставување на понудата по електронски пат, целокупната скенирана докуменација се доставува на следната е-пошта: anastasija@adi.org.mk

Краен рок на доставување на понудите е 14 дена од објавување на повикот, но не подоцна од 14.08.2023 **година до 16:00 часот**. Сите кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени. Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според условите на повикот, нема да бидат земени предвид.

**Забелешка:* Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

**Понудата треба да ги содржи следните елементи:**

- Тековна состојба не постара од 6 месеци;

This project is funded
by the European Union

- Прилог 1. Образец за преглед на реализирани услуги во последните 3 години;
- Прилог 2. Образец за финансиска понуда;
- Прилог 3. Образец за предложени преведувачи и соработници;
- Прилог 4. Изјава за непостоење на услови за исклучување на добавувач;
- Прилог 5. Изјава за ексклузивност и достапност на клучниот експерт - преведувач;
- Прилог 6. Кратка биографија на клучните експерти-преведувачи, лектор и толкувач на знаковен јазик.

**Дополнителни прилози:** Најмалку 3 договори или препораки за слични работни ангажмани на добавувачот.

Врз основа на тоа се изработени следниве критериуми за оценување:

| Квалитативна и финансиска евалуација | Максимум можни бодови |
|---|---|
| Искуство во обезбедување услуги поврзани со изнајмување аудио опрема, превод и сл. задачи | 30 |
| Референци за обезбедените услуги | 30 |
| Биографија на предложениот преведувач, лектор, толкувач на знаковен јазик | 20 |
| Финансиска евалуација | 20 |
| **Вкупно бодови за квалитативна и финансиска евалуација** | **100** |

Понудувачите чија понуда ќе има остварено највисок број на бодови, односно ќе понудат најповолна понуда ќе бидат избрани како добавувачи на услугите.